**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-551/6**
**Скопје, 07.10.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Орган на Општина Центар за 2004 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Центар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Виолета Аларова, Градоначалник на Општина Центар за период од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 15.04.2005 до 30.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Катерина Чалоска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 15.09.2005 година со писмо број 08-2260/1 од 15.09.2005 година примени се забелешки по предходниот извештај на овластениот државен ревизор од Градоначалникот на општина Центар и со писмо од 02.09.2005 примени се забелешки од Советот на општина Центар. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на точките 10.1.4.,10.2.4.и 10.3.3. не се прифаќаат;
- забелешките на точка 10.1.1., 10.3.1.,10.4.1. и 10.5.1. делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1.Неправилна примена на акти**

11.1.1. Кај одреден број на случаи во врска со работите кои претставуваат реконструкција, градба на патишта, улици, инфраструктура од областа на водовод, канализација, присутна е појавата на немање документација, градежни книги, како прилог на времените или завршната ситуација поради што не е можно да се утврди веродостојноста и реалноста на вложувањата како и со завршните ситуации нема прилог записници за предавање на објектот во употреба. (Прилог бр. 1 од Извештајот)
**Препорака:**
- Потребно е општината да располага со комплетна документација, градежни книги, градежен дневник, ситуации уредно потпишани и од надзор и од инвеститор и изведувач а кон завршните ситуации да бидат приложувани записници за технички прием и давање во употреба на објектите како би можел да се изврши увид во истите на барање на овластен орган.

11.1.2. Присутна е појава од страна на општина Центар да се превземаат и извршуваат градежни работи – инвестиции кои се надлежност на градот Скопје, (на пример улица Македонија, паркот Жена борец), заради што доаѓа до преклопување на надлежностите помеѓу општината и Градот. Тоа се прави на основа усмено договарање помеѓу надлежните од општината и градот. Не се води евиденција за меѓусебните побарувања и обврски настанати по основ на така превземени работи кои се надлежност на Градот. Во делот на приходите по основ на надоместокот за комуналии се води точна распределба на делот кој припаѓа на општината и на делот кој припаѓа на Градот Скопје согласно Законот. И во делот на инвестиционата

изградба-уредувањето на просторот треба да бидат јасно дефенирани правта и надлежностите на општината и Градот бидејќи на овој начин ќе се потрошат средства со кои би се уредил простор кој е во надлежност на општината.

**Препорка:**

- Јасно разграничување на надлежностите по пооделни објекти на Градот и општините и воспоставување на соодветна евиденција на заемните побарувања и обврски.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1.Не е извршен попис на градежните објекти, со состојба на 31.12.2004 година, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Не постои обележување (инвентарисување) на сите основните средства.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, со што ќе се обезбеди усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Општина Центар.
- Да се изврши вонреден попис и да се евидентираат неевидентираните градежни објекти кои се сопственост на општина Центар.

11.2.2. Не евидентирани материјални средства (улици, тротоари и други објекти). Општината Центар има и располага со материјални средства како што се улици, тротоари и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 286.737 илјади денари кои воопшто не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02). Согласно одредбите од член 67 став 3 и член 9 став 2 од истиот Закон, општина Центар има донесено Одлука број 09-518 од 08.11.1997 година за утврдување на улиците( сервисни и станбени ) на подрачјето на Општина Центар Скопје.
И покрај претходно наведеното во Општина Центар нема воведено евиденција на спомenатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата во општината.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на улиците (сервисни и стамбени) кои припаѓаат на општината Центар, и
- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

11.2.3. Не се води евиденција за матријалните средства во подготовка. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските

корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект (пат, улица и други објекти), соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

- Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по завршувањето да се прекнижат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

11.2.4. Извршени се инвестициони вложувања за хортикултурно уредување во кругот на државна болница во вкупен износ од 1,547 илјади денари (радиологија- 810 илјади денари, стоматологија – 42 илјади денари, кардиологија – 613 илјади денари и фармација - 82 илјади денари ), активности кои согласно надлежностите не припаѓаат на општината.

## 11.3. Неправилности во искажување на расходите

11.3.1. Ставката - Надоместоци во Билансот на приходи и расходи, е преценета за износ од 2.077 илјади денари, а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради следното:

- За исплатениот надомест на трошоците на советниците за учество во работата на работните тела на Советот, за учество во изготвување и проучување на материјали, за контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедици и слично во вкупен износ од 1.681 илјада денари без да постои законски основ;
- За исплатениот надомест за секојдневно ангажирање на преседавачот на Советот а во функција на координирање и насочување на работата на Советот и работните тела во износ од 216 илјади денари, и
- За исплатениот функционален надомест на градоначалникот на општина Центар во вкупен износ од 180 илјади денари.

**Препорака:**

При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа и другата законска регулатива која ги третира надоместоците.

11.3.2. Извршена е исплата на синдикална организација при општина Центар износ од 420 илјади денари за остварување на економско-материјалната сигурност и подобрување на општествено економската положба на членството. Исплата на овие средства не е во согласност со надлежностите на општината пропишани со Законот за локална самоуправа, поради што и расходите по овој основ се преценети за сметка на што е потценет вишокот на приходи.

**Препорака**

Да се почитуваат одредбите од Законот за буџетите спротивно на истиот да не се трансферираат средства до институции за кои нема законски основ да се финасираат од буџетот на општината.

11.3.3. Општина Центар има склучен договор за хортикултурно уредување на јавна површина во износ од 15.000 м2 во населба Пролет. Договорот е склучен со фирмата „Грос Комерц“ на 17.11.2004 година на износ од 2.602 илјади денари, а завршната ситуација е доставена на 26.11.2004 година за неполни десет дена. Во прилог на истата беа доставени две страни кои претставуваа градежна книга која е потпишана и од надзорот и од изведувачот. Плаќањето по договорот во целост е напарвено на 02.12.2004 година. Записникот за предавање на објектот во исправна состојба е

направен на 26.11.2004 година иако има позиции кои изведувачот мора да ги изврши во наредните месеци како што се полевање и косење на трева. При направениот увид на лице место од страна на ревизијата не се убедивме во уредно извршување на позициите од завршната ситуација бидејќи просторот беше запуштен. Од овие причини ревизијата се оградува од реалноста на направените трошоци по овој основ.

### 11.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. Позицијата Материјални средства и Извори на капитални средствата е подценета, за направените капитални расходи во 2004 година во износ од 286.737 илјади денари искажани во Билансот на приходи и расходи на позицијата Купување на капитални средства. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, за истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на Материјалните и нематеријалните средства и зголемување на Државниот-јавен капитал.

11.4.2. Позицијата материјални средства во делот на градежни објекти е нереално прикажана од причина што општина Центар во својата сетководствена евиденција ги нема евидентирано сите градежните објекти кои ги има добиено согласно Решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Центар врз основа на спроведен делбен биланс, ( Сл. Весник на РМ бр.15/2000), а има евидентирано делови од објекти кои не се нејзина сопственот. Во разговор со овластените лица бевме известени дека општината започнала постапка за утврдување на вредноста на овие објекти но поради фактот дека и предстои нов делбен биланс со новата територијална поделба на Република Македонија истите ја немаат доведено до крај оваа постапка.

**Препорака:**

Општина Центар да направи напори и да го воведе во својата евиденција целокупниот имот со кој располага да си обезбеди имотни листи за истиот како би била спремна за новиот делбен биланс.

### 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

11.5.1. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки, посебно за услуги надзор:

- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност а субјектот по многу основи набавките ги врши согласно член 72 од Законот;

- За надзор ангажирани се и надворешни лица по договор за дело без постапка за било каква јавна набавка на износ од 405 илјади денари (Прилог бр.2);

- Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Одделението за правни работи до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;

- Одделението за правни работи да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11.5.2. Советот на Општина Центар има донесено Одлука бр. 07-1327/1 од 15.07.2003 година за отпочнување соинвеститорска изградба на административно – деловен објект на местото на бараката која е седиште на МЗ Роберт Гајдиќ. Комисијата за јавни набавки распишала отворен повик на кој се јавиле тројца понудувачи. Комисијата го поништила отворениот повик со образложение дека се направени повреди во постапката, и постапува по член 48 од Законот поради итност врши набавка со непосредна спогодба и склучува договор за соинвеститорство со „Грос Комерц„ Скопје. Советот на Општина Центар донел Одлука за ослободување од надоместок за уредување на градежно земјиште бр.2237/1 од 29.12.2003 за делот од надоместокот кој припаѓа на Општина Центар во износ од 40%, без во истата да биде наведен износот од кој се ослободува општината а делот од 60% кој припаѓа на Градот е платен од придружниот соинвеститор. Согласно договорот соинвеститорот превзема обврска да учествува со 25%, а придружнот соинвеститор со 75% од вредноста на сите издатоци за изградба на предметниот објект, т.е. објект, комуналии, надоместок за земјиште, расчистување на теренот и друго. Објектот е завршен и е извршено примопредавање на истиот со Записник од 27.11.2004 година. Пресметковната вредност на објектот изнесува 15.357 илјади денари. Постапено е спротивно на одредбите од Законот за јавна набавка извршен е избор со непосредна спогодба поради итност а активностите за утврдување на состојбата на објектот се започнати од 08.11.2002 година што значи дека се имало доволно време да се постапи согласно Законот и да се спроведе постапка која нема да е спротивна на одредбите од Законот за јавни набавки и одредбите од Законот за локална самоупрва. Имајќи ја во вид финансиската состојба во која се наоѓа општина Центар сметаме дека постоеле реални можности да се реновирал и заштител објектот во кој била сместена месната зедница Роберт Гајдиќ и со сопствени средства. Ваквиот начин доведува до отуѓување на дел од имотот без постапка на јавно надавање.

**Препорака:**

- Советот на Општината и Градоначалникот секогаш како добри домаќини да се грижат за имотот на општината да преземаат мерки и активности кои се во склад со постојните законски прописи. Да не преземаат активности со кои постои множност на нарушување на принципот на економичност, јавност и законитост и да ги имаат секогаш во предвид основните надлежности на општината.

12.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.3. е преценување на расходите за износ од 2.497 илјади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 2.497 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 286.737 илјади денари.

13.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2. до 11.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Центар на 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.3. и 11.5. кај сметката на Органот на општина Центар е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Центар е тужена странка во повеќе судски спорови и тоа:

- По основ на надомест за експропријација во износ од 6.753 илјади денари иако во повеќе од предметите вредноста на спорот не е определена;
- За надомест на штета во износ од 109.868 илјади денари од ТД ЛУМИКС И Реџепи Наип;
- Во повеќе предмети заради утврдување на право на сопственост, вредноста на спорот не е определена;

Општина Центар е тужител во судски спор со „Огнопревент„ по основ на поништување договор за закуп на 72 илјади денари; со „ЕИДА Сервис“ вредноста на спорот не е определена и со други субјекти за утврдување на сопственоста, во кои вредноста на спорот не е определена.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Центар за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

16. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Центар за 2001 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.1. делумно 10. 2. и 10.3. од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности а за останатите наоди не се преземени мерки за остранување.

**Скопје, 28.09. 2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОРГАН НА ЕЛС ЦЕНТАР**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3. | 353,732 | 149,155 |
| **Вкупно приходи** | | **353,732** | **149,155** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 15,752 | 14,388 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 32,897 | 23,086 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 15,411 | 8,997 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **64,060** | **46,471** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 289,672 | 102,670 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **289,672** | **102,670** |
| **Вкупно расходи** | | **353,732** | **149,141** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **14** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**ОРГАН НА ЕЛС ЦЕНТАР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 14 |
| Активни временски разграничувања | 4.2.5. | 27,631 | 6,943 |
| **Вкупно тековни средства** | | **27,631** | **6,957** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 4,639 | 4,676 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,639** | **4,676** |
| **Вкупна актива** | | **32,270** | **11,633** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2.1. | 27,631 | 6,943 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 14 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **27,631** | **6,957** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1.1. | 4,639 | 4,676 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,639** | **4,676** |
| **Вкупна пасива** | | **32,270** | **11,633** |

**ОРГАН НА ЕЛС ЦЕНТАР**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **4,676** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,105** |
| Набавки | 1,105 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **(1,142)** |
| Отпис на капитални средства | (126) |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | (1,016) |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **4,639** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

# ПРИЛОГ БРОЈ 1

На ситуации за кои не е дадена на увид градежна книга

во 000 денари

| Ред.бр | Добавувач | Објект | Договор | Ситуација | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Топлификација Скопје | Изведба на секундарен вреловоден канал на ул. 50-та Дивизија, локалитет Клинички блок | бр. 08-1093/1 од 10.06.2003 | завр.сит.бр. 07-86 од 30.9.2003 | 1,104 | |
| 2 | Топлификација Скопје | Вреловоден канал за средно медицинско од стоматологија | | 1ва врем.сит. бр.07/38 од април 2003 | 1,755 | |
| 3 | Електра комерц Скопје | Изведување на електричен приклучок на ул.Козара бр.15а за лицето Давор и Слободан Поповски | | фактура бр.03/03 и 56/03 | 256 | |
| 4 | Електроизградба Скопје | Изведување ел.приклучок ул.Максим горки бр. 7 | бр.10-12892/3 | фактура бр.14/04 | 120 | |
| 5 | Гранит Скопје | Изведба и реконструкција на ул. Димче Мирчев и 50-та Дивизија | бр.08-1838/1 од 03.11.2003 | 1ва врем.сит.од дек/2003 | 1,054 | |
| 6 | Венекс Скопје | Изведба на кабловски прилучок на ул. Партене Зографски бр.19 | | фактура бр.0002/04 | 156 | |
| 7 | Толификација Скопје | Изградба на вреловоден канал ул.50та Дивизија (III4-III5) ( III5-III6) локлаитет Клинички блок | бр.08-1842/1 од 3.11.2003 | завр.сит.бр. 07-98 | 407 | |
| 8 | Толификација Скопје | Секундарен приклучок ул. Мајаковски | бр.10-6337/2/2 од јуни 2003 | фактура бр.2-07-100 | 28 | |
| 9 | Толификација Скопје | Секундарен приклучок ул. Мајаковски | бр.08-1985/1 од 27.11.200 | завр.сит.бр. 07-102 од ноем.2003 | 679 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3 | | | |
| 10 | Аполо Скопје | Изградба на водоводна и фекална канализација ул. Славејко Арсов | 08-1437/1 од 22.8.2003 | 1ва врем.сит.дек/2003 | 306 | |
| 11 | Кодинг Скопје | Атмосферска канализација, водоводна мрежа и фекална канлизација по новопроектирна улица до ул. 50-та Дивизија | бр.08-1058/1 од 14.6.2004 | 1ва врем.сит.април 2004 | 1,250 | |
| | Кодинг Скопје | Атмосферска канализација, ул.Орце Николов до Македонски пошти | бр.08-1060/1 од 15.6.2004 | 2ра врем. сит.септ/2004 | 1,336 | |
| 5 | Венекс Скопје | Кабловски приклучок ул. Партение Зографски | | Фактура 0002/04 | 156 | |
| 6 | Дар дизајн Скопје | Водоводна мрежа по ул.Бел камен од ул. Козара до ул. Водњанска | бр.40/04 од 7.5.2004 | 1ва врем.сит. сеп/04 бр. 08-6 | 193 | |
| 7 | Гранит Скопје | Изградба и реконструкција на ул. Димче Мирчев | бр.08-1838/1 од 3.11.2003 | 2ра врем.сит ноем/04 | 1,609 | |
| 8 | Шастри Скопје | Хортикултурно уредување на Фармацевтски факултет | бр.08-1093/2 од 30.06.2004 | фактура бр.05/04 | 82 | |
| 9 | Грос комерц Скопје | Хортикултурно уредубвање ул.11 Октомбври зграда 30 | има договор | завр.сит. април/04 | 468 | |
| 10 | Пивот Скопје | Парковско осветлување во општина Центар | бр.05-615/16 | Завр.сит.05-615/16 од ноем/04 | 144 | |
| | Семос енергетика Скопје | Поставување на канделабри на ул.29 Ноември | бр.08-306/6 од 15.04.2004 | 1ва врем.сит. април/04 | 352 | Градежна книга не потпишана од надзорен орган |
| | **Вкупно** | | | | **11,455** | |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

## ПРИЛОГ БРОЈ 2

Преглед на извршени набавки (надзорен орган) без спроведена постапка за јавна набавка

во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Надзорен орган | Износ | договор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стручен надзор над изведувањето асфалтирење на улици | Живка Христова, дипл.инж.архит. | 50 | 08-635 од 21.07.2004 |
| 2 | Стручен надзор над реконструкција на тротоари,пешачки и велосипетски патеки во Парк „ Жена парк„ | Живка Христова, дипл.инж.архититект | 75 | 08-802 од 16.08.2004 |
| 3 | Стручен надзор на над хортикултурното уредување на улици | Георги Боровски, дипл.инж.агроном | 30 | 08-582/5 од 13.05.2004 |
| 4 | Стручен надзор над реконструкција на јавното улично осветлување | Димитар Којдев. Дипл.елек.инж. | 30 | 08-615/9/1 од 20.09.04 |
| 5 | Стручен надзор над реконструкција на јавното освелување на втора делница на ул. Македонија | Бихорац Мунир | 40 | 08-644/1к.бр.1681/03 од 06.04.2004 |
| 6 | Стручен надзор над реконструкција на атмосферска канализација на втора делница на ул. Македонија | Стефан Шарески, град.инг. | 30 | 08-180/4 од 08.04.2004 |
| 7 | Стручен надзор над реконструкција на водоводната мрежа на ул. Македонија , прва фаза | Јане Ценев, дипл. електро инж. | 70 | 08-1354/6 од 26.08.2004 |
| 8 | Стручен надзор над поплочување на вторага делница на ул. Македонија | Живка Христова, дипл.инж.архитект | 80 | 08-1309/6-1 од 22.12.03 |
| | **Вкупно** | | **405** | |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 11-551/13***
***Скопје, 06.12.2005 година***

Согласно член 27 став 5 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, број 73/2004) , е добиен Приговор број 08-2730/3 од 15.11.2005 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Општина Центар, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

**Р Е Ш Е Н И Е**
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорите по точките 11.1.1.;11.1.2.;11.2.2.;11.2.3.;11.3.3.;11.5.1. и 11.5.2. по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Органот на Општина Центар не се прифаќаат и наодите во Конечниот извештај остануваат.

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Органот на Општина Центар поднесен е приговор број 08-2730/3 од 15.11.2005 година.

Образложенијата за неприфаќање на приговорот се следните:

1. Приговорот на наодот од точка 11.1.1. не се прифаќа од причина што Главниот државен ревизор не најде елементи за прифаќање на изнесените забелешки и поради изнесеното наодот од оваа точка останува. На барање на ревизијата која имаше и контакти како со надлежните лица од Општинта така и со лица од Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор не и беше доставена комплетна документација за одредени објекти кои се презентирани во прилог кон Конечниот извештај.

2. Приговорот на наодот од точка 11.1.2. не се прифаќа од причина што за објектите кои се во надлежност на Градот Скопје а кои во надлежност на Општината Центар на ревизијата и беше презентирана Одлука од службите на општина Центар, како и од разговорите со надлежните служби бевме известени за начинот на соработката помеѓу


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

Општината Центар и Градот Скопје. Што се однесува до укажувањето дека во минатиот период идело до можни преклопувања на надлежностите кои ќе бидат остранети во иднина со новиот Закон за Градот Скопје, истото го утврди и ревизијата и за можните преклопувања на надлежностите смета дека соработката која се темели на пишани акти и процедури за правата и обврските на секој учесник лесно може да се регулира.

3. Приговорот на наодот на точка 11.2.2. не се прифаќа и останува како наод во Конечниот извештај од причина што согласно Законот за јавните патишта поточно членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02), евиденција за локалните патишта и улици води Општината. Што се однесува до измената на Законот за сметководство кај буџетите и буџетските корисници истата се однесува за 2005 година.

4. Приговорот по наод 11.3.3. не се прифаќа од причина што Главниот државен ревизор не најде елементи за прифаќање на изнесените забелешки и поради изнесеното наодот од оваа точка останува. Што се однесува до укажувањето дека периодот после Записничкото предавање на работите и утврдените позиции кои требало да се извршуваат во наредниот период е зимски период, а се работи за извршување на позиции како што се полевање и косење на трева сметаме дека при склучување на договорот треба да се има во предвид рокот и задачите кои се предмет на предмер пресметката, годишното време и можностите за извршување на тие активности.

5. Приговорот по наодот од точка 11.5.1. останува од причина што е постапено спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки, на ревизијата не и беше презентиран Правилник за регулирање на начинот и постапките на набавките од мала вредност донесен во 2004 година, како и не се спроведени постапки за јавни набавки за надзор за ангажирање на надворешни лица по договор на дело спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

6. Приговорот по наодот од точка 11.5.2. не се прифаќа од причина што е постапено спротивно на Законот за јавни набавки, како и ако се има во вид фактот дека актуелностите околу објектот МЗ Робер Гајдиќ се започнати од 08.11. 2002 година а избор е извршен со непосредна спогодба поради итност на крајот во 2003 година.

**Главен државен ревизор**

**Методија Тошевски**


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*